ОСНОВЕН СУД
Су – 04 бр.5/23
13.01.2023 год.
ШТИП

Претседателот на Основниот суд во Штип, Ѓорѓи Андонов по одржана седница на судиите на ден 13.01.2023 година, согласно чл.181 од Судскиот деловник, ја донесе следната:

# О Д Л У К А

за измена и дополнување на Распоредот
за работа на Основниот суд во Штип за 2023 год.

1. Се врши измена на точка 8.7. од Распоредот за работа на судиите во граѓанскиот оддел, така што:
   По предмети од уписниците ПЛ, ПЛ1-П, МАЛВПЛ1-П, ПЛ-ТС, ПЛ1-ТС, ПЛПОВ, РПЛ, ПЛЖ и МАЛВПЛ1-ТС ќе постапува судија Тодор Поп Панев.

Да се изврши автоматска прераспределба на сите неархивирани предмети платни налози кај судија Тодор Поп Панев.

2. Се врши измена на точка 8.10. од распоредот така што:

По предмети заведени во уписниците РО, РО-ПОВ и РРО ќе постапуваат судиите Емил Пилатов,Маја Џорлева и Тодор Поп Панев.

Судиите Емил Пилатов и Маја Џорлева да бидат исклучени за прием на нови предмети од уписникот РО на неопределен период, заради воедначување на рамномерна распределба и број на предмети, по што со одлука повторно ќе се вклучат во автоматска распределба.

Оваа одлука стапува во сила со денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Со одлука на Судски совет на РСМ бр.09-2257/3 од 29.12.2022 год. за судија на ОС Штип е избран Тодор Поп Панев. На одржаната седница на судии на ден 13.01.2023 год. се прибави мислење судија Тодор Поп Панев да постапува по предмети работни спорови и платни налози. Судиите Емил Пилатов и Маја Џорлева да бидат исклучени од прием на предмети од уписникот РО, со цел да се избалансира бројот на предмети по судија, така што дневно ќе се следи приливот на предмети и при воедначен број и распределба повторно ќе се одлучи за вклучување на овие судии во автоматска распределба на предметите.

Предметите платни налози кои по распоред беа доделени на судија Ѓорѓи Андонов ќе му бидат прераспределени на судија Тодор Поп Панев.

Во смисол на наведеното, се изврши измена на Распоредот за работа на судиите за 2023 година со која судија Тодор Поп Панев се распоредува да постапува по предмети од уписниците РО, РО-ПОВ, РРО, ПЛ, ПЛ1-П, МАЛВПЛ1-П, ПЛ-ТС, ПЛ1-ТС, ПЛПОВ, РПЛ, ПЛЖ и МАЛВПЛ1-ТС.

Имајќи го предвид горенаведените причини, а согласно чл.179 од Судскиот деловник се одлучи како во изреката на одлуката.

Согласноста на преписот со изворникот ја потврдува
Управител на судската писарница.

Претседател на Основен суд Штип
Ѓорѓи Андонов